# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.55 од 22.03.2016 година**

**Член 1**

Во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија” број 13/2006, 86/2008, 6/10, 42/14 и 148/15), во членот 1 став (2) по зборовите: „со овој” се става запирка и се додаваат зборовите: „Законот за општата управна постапка”.

**Член 2**

Во член 12 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Барателот е должен во барањето да се произнесе за начинот на натамошната комуникација со имателот на информацијата и тоа усно, во писмена форма или во електронска форма.”.
Ставот (2) станува став (3).

**Член 3**

Во членот 27 зборот „писмено” се брише, а по зборот „информација” се додаваат зборовите: „на начин утврден во членот 12 став (1) од овој закон”.

**Член 4**

Во членот 31 став (4) точка 5) во алинејата 4 запирката се заменува со сврзникот „и‟.
Во алинејата 5 сврзникот „и‟ се брише.
Алинејата 6 се брише.
Во ставот (5) точка 5) во алинејата 4 запирката се заменува со сврзникот „и‟.
Во алинејата 5 сврзникот „и‟ се брише.
Алинејата 6 се брише.
Во ставот (6) точка 5) во алинејата 4 запирката се заменува со сврзникот „и‟.
Во алинејата 5 сврзникот „и‟ се брише.
Алинејата 6 се брише.

**Член 5**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 6**

Одредбите од членовите 1, 2 и 3 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнување на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија‟ број 124/15).

**Член 7**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‟.